Централен депозитар за хартии од вредност
Ц Д Х В АД
Бр. 02-7133/1
06.12.2012 год.
Скопје

Врз основа на член 66-а од Законот за хартии од вредност, Одборот на директори на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, на седницата одржана на 06.12.2012. донесе

**ПРАВИЛА**

**за формирање и начинот на користење на Гарантниот фонд**

**Општи одредби**

Член 1

Со овие Правила се уредува начинот на формирање, условите за користење на средствата и постапката и начинот на утврдување на висината на надоместокот кој секоја членка на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје (во натамошниот текст: Депозитар) го уплаќа во Гарантниот фонд ( во понатамошниот текст: Фонд) за порамнување на трансакции склучени на овластени берзи.

Член 2

Фондот се основа за исполнување на обврските кои произлегуваат врз основа на работењето со хартии од вредност на овластени берзи.

Средствата на Фондот се користат за подмирување на обврските на членките на Депозитарот во случај кога на специјалната сметка на членката на Централниот

депозитар за хартии од вредност во НБРМ за парично намирување на обврските по основ на склучените трансакции со хартии од вредност нема доволно средства, или доколку членката не го уплатила потребниот износ на парични средства на посебната сметка на Депозитарот во НБРМ наменета за порамнување на вкрстени трансакции, односно доколку своите обврски не ги исполнат во роковите утврдени со Правилата за работа на Депозитарот.

Средствата на Фондот не може да се користат за други намени.

**Постапка и начин на утврдување на висината на надоместокот**

Член 3

Фондот го сочинуваат уплати на членките на Депозатарот кои ги користат услугите на утврдување и порамнување.

Средствата кои се уплаќаат во Фондот изнесуваат 3.500,00 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Средствата се уплаќаат еднократно, на посебна сметка на Депозитарот отворена во деловна банка со која Депозитарот има склучено договор, во функција на Фондот. Со одлука на Одборот на директори, Депозитарот може средствата да ги орочи на рок не подолг од 6 месеци, а по истекот на тој рок може и повторно да ги орочува. Каматата на средствата добиена од орочување се користи за зголемување на Фондот.

Депозитарот ги известува членките, најдоцна 15 дена по истекот на календарската година за износот на каматата која Фондот ја добил во претходната година.

Член 4

Доколку дојде до девалвација на денарот поголема од 5%, секоја членка на Депозитарот мора да го доплати потребниот износ, до висината на износот определен во член 3, став 2 од овие Правила.

## Услови за управување со средствата

Член 5

Со средствата во Фондот, Депозитарот единствено управува, а истите се сопственост на членките на Депозитарот кои ги вршат уплатите.
Средствата на Фондот се издвоени од сметководствените извештаи на Депозитарот и истите не влегуваат во стечајна или ликвидациона маса во случај на стечај или ликвидација на Депозитарот.

Во случај на активирање на средствата на фондот во согласност со постапката предвидена во членот 8 од овие Правила, хартиите од вредност кои по посебниот циклус на порамнување ќе бидат евидентирани на сметката за хартии од вредност на Депозитарот, се до моментот на нивниот пренос на сметките за хартии од вредност на купувачите, односно се до нивната продажба, се издвојуваат од сметководствените извештаи на Депозитарот и истите не се имот на Депозитарот.

Член 6

Доколку над членката на Депозитарот биде отворена стечајна или ликвидациона постапка, биде трајно исклучена од членство во Депозитарот, трајно и се одземе дозволата од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија или доброволно истапи од членство, средствата кои ги уплатила во Фондот и се враќаат:

- во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за исклучување од членство доколку членката и понатаму продолжи да функционира како правен субјект или
- во рок од три дена по доставувањето на известување од страна на овластено лице кое ја води ликвидационата или стечајната постапка за тоа на која сметка да бидат уплатени средствата доколку над членката биде отворена стечајна или ликвидациона постапка.

Со исплатата на средствата на членката и се исплатува и пропорционален износ на камата заклучно со денот на донесување на Решение за отварање на стечајна или ликвидациона постапка или Одлука за престанок на членството во Депозитарот.

## Активирање на средствата на Фондот

Член 7

Во случај некоја од членките на Депозитарот да нема доволно средства на специјалната сметка во НБРМ за парично намирување на обврските по основ на склучените трансакции со хартии од вредност на денот на порамнување или доколку на посебната сметка на Депозитарот во НБРМ наменета за уплати за порамнување на вкрстени трансакции не биле уплатени потребните средства од страна на членка на Депозитарот, Депозитарот ги активира средствата на Фондот и врши порамнување.

Одлука за активирање на средствата на Фондот носи извршниот директор на Депозитарот, и истата се доставува до членката која не ги подмирила своите обврски и за чија сметка се активираат средствата на Фондот, до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и овластената берза на која била склучена трансакцијата.

Одлуката за користење на средствата од Фондот, задолжително содржи:

- податоци за членката на Депозитарот (фирма, седиште)
- датум на договореното порамнување
- износ на неподмирени обврски
- налог на членката на Депозитарот најдоцна до 14:00 часот на денот на предвиденото порамнување да ги уплати сите средства на сметката на гарантниот фонд
- предупредување дека Депозитарот ќе пресметува казнена камата на износот до потполно враќање на ангажираните средства.

## Постапка за активирање на средствата на фондот

Член 8

Доколку на денот на порамнувањето, по завршување на циклусот за порамнување, останат непорамнети вкрстени или редовни трансакции и доколку средствата на гарантниот фонд се доволни за порамнување на трансакциите Извршниот директор на Депозитарот веднаш донесува Одлука согласно член 7 од овие Правила и ја доставува до членката чии трансакции не се порамнети, до

Комисијата за хартии од вредност и до овластената берза на која трансакциите биле склучени.

Доколку средствата на гарантниот фонд се доволни, Депозитарот ги активира истиот ден и ја порамнува трансакцијата во посебен циклус на порамнување на трансакции кои не биле порамнети во редовниот циклус на порамнување. Депозитарот средствата од гарантниот фонд ги уплатува на специјалната сметка на членката за порамнување која учествувала на продажната страна во трансакцијата, а хартиите од вредност ги пренесува на сметка за хартии од вредност на Депозитарот, во корист на фондот.

Посебниот циклус на порамнување се одвива во период од 12:00 до 13:00 часот на денот на договореното порамнување.

Членката на Депозитарот е должна да ги уплати средствата потребни за порамнување на трансакциите на сметката на гарантниот фонд најдоцна до 14:00 часот на денот на предвиденото порамнување, и за тоа веднаш по телефакс писмено да го извести Депозитарот и да приложи доказ за извршената уплата.

Доколку членката ги уплати потребните средства на сметката на гарантниот фонд од член 3 на овие Правила заклучно со 14:00 часот Извршниот директор на Депозитарот донесува  Одлука со која членката ќе ја задолжи со уплата на парична казна од 15.000 денари, освен доколку членката достави доказ дека таранcакцијата не била порамнета не по нејзина вина туку поради вина на носител на платен промет или во случаи на виша сила. Хартиите од вредност кои во посебниот циклус на порамнување биле пренесени на сметката за хартии од вредност на Депозитарот, во корист на фондот, Депозитарот ги пренесува на сметките за хартии од вредност на купувачите преку системот на Депозитарот.

Доколку членката не ги уплати потребните средства на сметката на гарантниот фонд од член 3 на овие Правила заклучно со 14:00 часот, Извршниот директор на Депозитарот донесува  Одлука со која членката привремено ќе ја исклучи од членство за период од најмалку три работни дена се до уплатата на потребните парични средства, но не подолго од 30 дена, и за тоа ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и овластената берза на која била склучена трансакцијата. Одлуката за привремено исклучување од членството во Депозитарот, се применува започнувајќи од наредниот работен ден по предвидениот ден на порамнување на трансакциите за кои е активиран гарантниот фонд.

Со одлуката за привремено исклучување од членство, членката ќе се задолжи за исполнување на сите обврски кои произлегуваат од дејствијата на членката преземени пред донесувањето на одлуката како и со уплата на посебна парична казна во износ од 15.000 денари и казнена камата за секој ден задоцнување согласно член 10 од овие Правила.

Средствата од паричната казна се уплатуваат на сметката на гарантниот фонд од член 3 на овие Правила.

Член 9

Во случај на неликвидност на повеќе членки, а средствата на Фондот се недоволни за порамнување на сите трансакции, ќе се примени „принципот прв во време прв во право".

Член 10

Кога ќе дојде до активирање на средствата од Фондот, Депозитарот пресметува казнена камата согласно Закон за облигациони односи на износот кој членката навреме не го уплатила, на дневна основа, се додека не дојде до враќање на средствата.

**Враќање на средствата во фондот**

Член 11

Доколку во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на Одлуката од членот 7 од овие Правила, членката на Депозитарот не ги врати средствата во фондот во согласност со член 8, Одборот на директори на Депозитарот трајно ќе ја исклучи од членство и ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

По трајното исклучување од членство, Извршниот директор на Депозитарот по овластување на Одборот на директори дава налог за продажба и ги продава хартиите од вредност преку овластен брокер, а средствата од продажбата ги уплаќа во Фондот. Во случај на негативна разлика во цената, Депозитарот ја покрива разликата од уплатата во Фондот на членката која е трајно исклучена од членство. Во случај на позитивна разлика во цената, средствата се уплатуваат на сметката на Фондот.

Постапка кога средствата на фондот не се доволни

Член 12

Доколку на денот на порамнување, по завршување на циклусот на порамнување, останат непорамнети вкрстени или редовни трансакции и доколку средствата на Фондот не се доволни за порамнување на трансакцијата, Депозитарот ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, овластената берза на која трансакцијата е склучена и членката која има непорамнета трансакција.

Веднаш по утврдувањето дека средствата на фондот не се доволни за порамнување на одредена трансакција, Депозитарот ќе ги суспендира функционалностите во системот на Депозитарот доделени на овластените брокери на членката која не уплатила доволно средства за порамнување на трансакцијата, а кои се однесуваат на доделување на полномошно за брокерите на сметки за хартии од вредност како и резервирање на хартии од вредност.

Членката може да ги уплати потребните парични средства најдоцна до 14 часот на денот на предвиденото порамнување на посебна сметка на Депозитарот во Народната банка на РМ.

Доколку членката ги уплати средствата во рокот од претходниот став на овој член, во 14 часот на предвидениот ден на порамнување Депозитарот ќе спроведе посебен циклус за порамнување со цел трансакцијата да се порамни. Посебниот циклус на порамнување трае до 15 часот.

Во случајот предвиден во претходниот став од овој член, Извршниот директор на Депозитарот донесува Одлука со која членката ќе ја задолжи со уплата на парична казна во износ од 1% од износот на средствата кои биле потребни за порамнување на трансакцијата, но не помалку од 50.000 денари и не повеќе од 300.000 денари, освен доколку членката достави докази дека трансакцијата не била порамнета не по нејзина вина, туку поради вина на носител на платен промет или во случаи на виша сила . Средствата од паричната казна се уплатуваат на сметката на Депозитарот.

Доколку членката не ги уплати потребните средства до 14 часот на денот на предвиденото порамнување, Депозитарот ја евидентира трансакцијата како конечно непорамнета во согласност со Правилата за работа и за тоа ги известува Комисијата за хартии на Република Македонија, овластената берза на која трансакцијата е склучена и членката која има конечно непорамнета трансакција.

Во случајот предвиден во претходниот став од овој член, Извршниот директор на Депозитарот донесува Одлука со која членката привремено ќе ја исклучи од членство на неодредено време се до до донесување на Одлука во согласност со Правилата за однесување и дисциплина, и за тоа ќе ја извести Комисијата за

хартии од вредност на Република Македонија и овластената берза на која била склучена трансакцијата која не се порамнила на денот на порамнувањето. Одлуката за привремено исклучување од членството во Депозитарот, се применува започнувајќи од наредниот работен ден по предвидениот ден на порамнување на трансакциите кои не се порамниле, по што започнува постапка врз основа на Правилата за однесување и дициплина на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Член 13

Членките на Депозитарот се должни паричните средства определени со член 3 став 2 од овие Правила да ги уплатат во рок од 5 дена по приемот на Одлуката за прием во членство во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Член 13

Овие Правила стапуваат на сила по денот на добивање на согласност од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

Член 14

Со денот на стапување на сила на овие Правила, престануваат да важат Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд, донесени од Одборот на директори на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје од 06.12.2010г., одобрени со Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија бр. 02-7054/1 од 06.12.2010г.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Одредбите во постоечките Правила за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд, со кои се предвидува активирање на средствата на фондот еден ден по предвидениот ден на порамнување целосно не ја исполнуваат целта на постоењето на Гарантниот фонд – порамнување на трансакциите на денот на предвиденото порамнување, односно сведување на минимум на ризикот дека продавачот ќе ги добие паричните средства на денот на договореното порамнување, согласно условите на склучената берзанска трансакција. Се предлага активирање на средствата на фондот на денот на предвиденото порамнување со воведување на втор циклус на порамнување кој би се одвивал само во случај на неисполнување на услови за порамнување на паричната страна, од 12 до 13 часот (14 часот за трансакции за кои средствата на фондот не се доволни), а последен рок за уплата/ враќање на средствата да биде 14 часот истиот ден. На ваков начин активностите кои Депозитарот треба да ги спроведе се концентрирани во

еден ден, а во исто време се зголемува сигурноста на инвеститорите во поглед на намалување на ризикот од непорамнување согласно роковите утврдени при склучувањето на трансакцијата.

Предложените термини за втор циклус се така утврдени имајќи го предвид искуството на Депозитарот во вакви случаи. Имено, во досегашните случаи на пробивање на предвидените рокови за уплата на парични средства од страна на членките на Депозитарот, секогаш се работи за ненавремено внесување налог од страна на деловните банки или технички проблеми на страна на деловните банки, додека членката односно нејзините клиенти ги презеле сите потребни дејствија навреме. Поради ова, во досегашните случаи на доцнење, потребните парични средства, секогаш биле уплатени истиот ден, но поради постоечките одредби на Правилата за гарантен фонд членката била привремено исклучувана од членството во Депозитарот, за потоа повторно да биде примена во членство со што се креира лош репутациски имиџ и за членките на Депозитарот и за пазарот на хартии од вредност.. Со предложените измени се предвидува постапка за привремено исклучување само во случај доколку до 14 часот не бидат уплатени/вратени средствата на фондот, а во секој случај за задоцнувањето се предвидува парична казна која се уплаќа на сметката на Фондот.

Актуелните одредби кои ја утврдуваат постапката на исклучување од членство на членка на Депозитарот која во предвидениот рок не уплатила доволна количина на парични средства се нејасни, во поглед на тоа од кога треба да се ефектуира суспензијата. Се предлага, постапката за привремено исклучување да се спроведе наредниот работен ден само доколку потребните парични средства не биле уплатени до 14 часот, со исклучок на случаи кога за порамнување на одредена трансакција, не се доволни средствата на гарантниот фонд за порамнување на истата, во кој случај се предвидува по утврдувањето дека некоја членка посредувала на продажна страна за трансакција за чие порамнување е потребна поголема сума од гарантниот фонд, а таа сума не е уплатена, веднаш да се суспендираат овластените брокери на таа членка за да не можат да вршат резервации или да внесуваат налози за полномошна на сметки за хартии од вредност, заради намалување на ризикот од повторно потфрлање на таа членка
Имајќи предвид дека со предложените измени целосно се менува концептот на активирање на средствата на Гарантниот фонд, како и тоа дека со предложените измени се менува повеќе од 1/3 од постоечките Правила, Одборот на директори на Депозитарот одлучи да се пристапи кон донесување на нови Правила за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд.

Скопје, 06.12.2012г

Претседател на
Одбор на директори
Антигона Буклеска Младеновиќ